Разгледувајќи ја претставката за заштита од дискриминација бр. 08-409/1 од 21.06.2023 година, поднесена од [redacted] за извршена дискриминација по ненаведена дискриминаторска основа и дискриминаторска област, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 27.06.2023 година, го донесе следниот

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 08-409/2
27-06-2023 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ЗАКЛУЧОК

СЕ ОТФРЛА претставката бр. 08-409/1 од 21.06.2023 година, поднесена од [redacted] ЗАРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ.

Образложение

На 21.6.2023 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted]

Подносителот на претставката наведува дека истата ја поднесува поради тоа што смета дека веќе една година е жртва на дискриминација и нееднаков однос при кој е малтретиран од повеќе институции, од кои најмногу од страна на Општина Делчево – Локална Самоуправа.

Во претставката е изнесено дека во април 2022, неговиот сосед [redacted], како откупувач на печурки, во куќата на неговиот син [redacted] кој е полициско службено лице отвориле сушара веднаш до неговиот дом. Подносителот тврди дека во неговиот реон не е предвидено да има преработувачки или индустриски капацитети, при што тој телефонски пријавил кај Општинскиот Градежен инспектор [redacted] од чија страна му било кажано дека таа нема време и дека ќе му се јави на неговиот сосед, што според подносителот на претставката, било со цел да не се постапува по неговата пријава. Во продолжение на претставката, наведува дека поднел писмено барање до Градоначалникот, до Градежниот инспектор и до Комуналниот инспектор, и притоа имал неуспешен обид да закаже средба, затоа што не бил примен од нивна страна. Подносителот тврди дека успеал да ја добие Градежната инспекторка на телефон, при што од нејзина страна му било укажано дека поради неговите објави на социјалните медиуми, може да и се обраќа само писмено. Во продолжение на претставката е наведено дека на пријавите на подносителот било одговорено од страна на комуналниот и градежниот инспектор по 20 до 30 дена од нивното поднесување, при што му било одговорено дека кога тие оделе, сушарата не работела, бидејќи користи дрва и не загадува, и дека постапувањето по незаконското работење и пренамена на објектот не било нивна одговорност. Во претставката е исто така истакнато дека подносителот поднел барање до Советот на Општина Делчево, и дополнително поднел пријави до МВР заради загрозување на домување и за нелегално работењеВо продолжение на ова е истакнато дека и по 2 месеци од поднесувањето не

добил одговор, со образложение дека немаат информации од останатите институции и кога ќе имаат, подносителот ќе биде информиран. Следствено на ова, подносителот наведува дека отишол кај Командирот на Полициската Станцица Делчево, и притоа добил закана дека треба да внимава што објавува и дека го следеле долго време. Во претставката е дополнително наведено дека биле поднесени и кривични пријави против сопственикот на сушарата и комуналниот и градежниот инспектор. Во продолжение, подносителот истакнува дека по 5 и пол месеци редовно одење кај Јавниот Обвинител и притисок да одговори, добил одговор во кој му било кажано дека делото не се гони кривично и дека треба да поведе прекршочна постапка според член 141 од Законот за градба. Во продолжение на ова, подносителот наведува дека поднел барања до Државниот Инспекторат за Урбанизам и Градежништво, при што од нивна страна по два месеци бил испратен допис до Општина Делчево во кој ја задолжуваат да постапи и да му биде одговорено на подносителот. Притоа, во претставката е истакнато дека и по истекот на месец и половина, подносителот сè уште не добил одговор. Оттука, тој тврди дека не се постапува од политички причини.

При разгледување на претставката, согласно наводите и барањата од истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека се работи за прашања кои не спаѓаат во надлежностите на Комисијата. Имено, согласно член 21 и 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата нема надлежност да постапува во конкретниот случај, каде од наводите во претставката ќе утврди дека тврдењето за сторена дискриминација не е сторено веројатно.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација посочува дека во овој случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација која е содржана во член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ бр.258/20) и гласи: *дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група врз еднаква основа со други.*

Дополнително на ова, поднесената претставка не ги содржи потребните елементи согласно чл. 24 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, при што во претставката не се наведени податоци со кои се конкретизира лицето против кое се поднесува претставката. Подносителот на претставката исто така не навел компаратор, односно лице кое е во споредлива ситуација како таа во која тој се наоѓа, и со него е постапено различно. Во претставката е пропуштено да се дефинира областа и основот врз кој се поднесува истата. Во врска со дискриминаторските основи, тие се дефинирани во членот 5 од истиот Закон и тоа: *раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, попреченост,*

*возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.*

Според горенаведеното, подносителот истакнува дека водел постапки пред други државни органи, меѓутоа, не е сторено веројатно дека постои дискриминација и нееднакво постапување спрема него. Следствено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација смета дека во овој случај не се работи за дискриминација и не поведува постапка заради ненадлежност.

Скопје
27.06.2023 година

Комисија за спречување и аштита
од дискриминација
Заменик претседател
Игор Јадровски

Доставено до:
[redacted]
-Архива на Комисијата